РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer. 03-882/1
05.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**Објект: Палата „Панко Брашнаров”,**
**Административен објект,**
**Ул. „Македонија“ бр. 38, Скопје**

**Скопје, февруари 2026**

## План за евакуација

Под евакуација се подразбира планско, огранизациско, контролирано и привремено преместување на населението и материјалните добра од потенцијално загрозени, или веќе загрозени подрачја, на помалку загрозени или целосно безбедни подрачја, односно тоа е организирано одведување на луѓето во безбедна зона во случај на пожар или други опасности.

Евакуацијата се планира, организира и спроведува во услови кога на просторот (објектот) за кој се проценува дека може да биде зафатен од природни непогоди и други несреќи, односно просторот (објектот) на кој веќе има појава на природни непогоди и други несреќи, не може да се обезбеди соодветен степен на заштита на луѓето и материјалните добра со други мерки за заштита и спасување.

Имајќи ја предвид загрозеноста на објектот на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ од природни непогоди и други несреќи, видот и карактерот на опасностите, како и последиците што можат да бидат предизвикани во тие услови, се наметнува потребата од планирање, организирање и спроведување евакуација на лицата кои се затекнати во објектот.

АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ, согласно член 39 од Законот за заштита и спасување, за објектот ќе изготви **Оперативен план за евакуација,** кој треба да содржи:

- Упатство за евакуација,
- Список на работници по сектори задолжени за координирање на евакуацијата (има, презиме и должност),
- Список на лицата задолжени за прифаќање на евакуираните (име, презиме и должност),
- Правци на движење и зборно место на безбеден простор,
- Организација на прифаќањето и лицата задолжени за укажување прва медицинска помош на евентуално повредени работници или посетители,
- Начин на известување на Итната медицинска помош,
- Преглед на материјалните добра што се евакуираат, количини, кој и каде ги евакуира.

Евакуацијата на луѓето и материјалните добра се врши по евакуациските патеки прикажани на шемите за евакуација за секој објект.

Согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник" на РМ бр 231/2020 ), а со цел безбедно евакуирање лица, потребно е широчината на ходниците (евакуациските коридори) да не биде помала од 1,2 метри, односно за простори каде што претстојуваат од 100 до 200 лица потребно е да има најмалку две скалишта за евакуација со вкупна широчина на скалишниот крак од 1,8 метри.

По препораките на Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, за објектите кои примаат од 500 до 1000 лица се проектираат најмалку 3 излези од објектот, секој со широчина од најмалку 1,4 метри, кои водат директно во слободен простор. Ходниците кои водат до скалишниот простор треба да имаат вкупна широчина од 4,2 метри, односно секоја излезна ПП-врата кон евакуациските скали мора да е широка минимум 1.4 метри. За овие објекти мора да има најмалку две евакуациски скалишта со вкупна широчина од 4.2 метри.

При евакуацијата од објектите важат следните правила: за помалку од 50 лица треба да постои еден излез за евакуација, односно за простори каде што претстојуваат од 50 до 500 лица мора да има најмалку два излеза за евакуација, што е случај за објектот на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ , а за

објекти каде што претстојуваат до 500 до 1000 лица мора да има најмалку три излези кои водат директно во слободен простор.

Согласно мерките за заштита, оддалеченоста на секое лице до скалишниот простор е најмногу 35 метри.

Евакуацијата од објектот ќе се одвива како што е предвидено во елаборатот за заштита од пожари.

Правецот на отворање на вратите на сите излези за евакуација треба да биде **кон надвор.**

Времето потребно за евакуација зависи од повеќе фактори, а особено од:
- бројот на лица во просторот (објектот),
- брзината на движењето на луѓето при евакуација,
- вкупната должина на патот за евакуација,
- широчината на скалите, односно излезите за евакуација од објектот,
- карактерот и проодноста на патиштата за евакуација (коефициент на проодност на луѓето).

Патот за евакуација треба да биде непречен, и тоа од која било точка во објектот, и проектиран и изведен така да може да се помине за време од 3 до 5 минути. Секој излез од објектот во случај на пожар мора да биде означен со воочливи знаци. Овие знаци за објектите од прва и втора категорија на загрозеност од пожар мораат да бидат светлечки. Изворот на светлината на осветлената површина треба да дава јачина на светлост од минимум 50 лукса. Оваа инсталција треба да има третман на сигурносни системи и за објекти со голем број вработени да има резервно напојување со електрична енергија.

**План за засолнување**

Со планот за засолнување неопходно е да се опфатат сите капацитети на објектот за засолнување на вработените, посетителите и материјалните добра, начинот на употреба на просторот, одржување и евентуална изградба на нови засолништа и други заштитни објекти погодни за засолнување на вработените во АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ.

Тука се подразбира планирањето на засолнувањето на вработените и посетителите во објектот на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ. Засолнувањето ќе се врши во определените места од Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС), согласно пропишаната Методологија за содржината на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето („Сл.весник“ на РМ бр. 76/06), во стандардно изградени засолништа.

АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ во консултација и според дадените препораки од ДЗС, доколку има потреба, ќе користи заеднички засолништа на вработените во воени услови.

**<u>Во случај на експлозија неопходно е да се преземе следното:</u>**
- Моментално треба да се искористи некое засолниште со висока отпорност и вработените да се засолнат во него како превентивна заштита од првиот топлотен удар и притисокот што се создава при експлозијата,
- Да се разгледа можноста за напуштање на областа на ударот,
- Да се влезе во блиска зграда која има засолниште (ако одберете подебел штит меѓу изворот на зрачење и вас голем дел од експлозивните честици ќе се впие и ќе бидете помалку изложени на радијација),

- Исто така, битно е и безбедносното растојание меѓу локацијата на ударот и местото каде што се наоѓате, односно колку сте подалеку од локацијата на експлозијата помала е изложеноста од последиците од неа,
- Битно е и времето на изложеност на негативни влијанија.

## Во случај на земјотрес

Постапки пред земјотрес:

- Да се одредат местата во просториите кои се сметаат за побезбедни во случај на земјотрес (носечки ѕидови, носечки греди, рамки на врати и други безбедни конструкции),
- Да се знаат местата каде што се наоѓаат склопките за исклучување на електричното напојување, довод на гас, вода и слично за истите да можат брзо да бидат исклучени,
- На одредено место да има подготвено: батериска лампа, торбичка за прва помош и слично.

Постапки за време на земјотрес:

- Да се сочува присебноста и да не се паничи,
- Ако се наоѓате во приземен простор, при првиот потрес излезете надвор на слободен простор, но оддалечени од стебла, улични светилки, електрични кабли и, секако, подалеку од објектот,
- Ако сте на повисок кат, засолнете се крај носечките ѕидови, под рамките на вратите, под маси и други конструкции кои тешко се рушат, а со рацете заштитете ги очите,
- Оддалечете се од стаклените површини и преградните ѕидови,
- Не употребувајте кибрит, запалка и слично,
- Ако сте во автомобил, не застанувајте на мост, под надвозници, под електрични кабли, во тунели и слично. Застанете на отворен простор и останете во автомобилот.

Постапки по земјотресот:

- Кога ќе престане првиот потрес напуштете ја просторијата на најпогоден и најбрз начин и понесете со себе само тоа што ви е најважно,
- Никогаш не користете ги лифтовите за евакуација,
- Исклучете ги инсталациите во просторот (електрична енергија, гас, вода и слично),
- Не заборавајте да им помогнете на евентуално настраданите лица, ако ги има во тој простор, но не пренесувајте ги тешко повредените,
- За пиење користете само флаширани пијалаци,
- Понатаму постапете по упатствата на средствата за јавно информирање,
- Ако сте останале под рушевини, бидете мирни и постојано барајте помош,
- Удирајте по инсталациските цевки, на пример од греење, водовод и слично,
- Трудете се да ја сочувате својата сила.

## План за заштита и спасување од урнатини

Со планот за заштита и спасување од урнатини неопходно е да се опфатат сите превентивни активности, градежно-конструктивни и технички карактеристики на објектот, со кои би се превенирало штетното дејствие од можни природни и

елементарни непогоди, како што се земјотрес, одрон, лизгање на земјиште, воздушни и артилериски удари и сл.

Секундарно се планираат мерките за заштита и спасување од урнатини и мерките за заштита од последиците на уривањето, како што се: извидување на уривањето, пронаоѓање лица затрупани под урнатините, обезбедување оштетени и поместени конструкции од објектот, извлекување затрупани надвор од зоната на уривање и преземање мерки за прва медицинска помош, гасење евентуални пожари, хигиенско-епидемиолошка заштита, извлекување и обезбедување на материјалните добра од урнатините.

**План за заштита и спасување од поплави**

Во планот за заштита и спасување од поплави се предвидуваат мерки за лицата загрозени од поплави предизвикани од високи водостои на реките или езерата поради обилни врнежи, топење на снегот, хаварии на хидроелектрани или водозаштитните објекти (брани). Чистењето на речните корита е превентивна мерка со која се избегнуваат поплавите.

Нивото на планирање на превентивните мерки подразбира редовно одржување на внатрешната и надворешната хидрантска мрежа, водоводната инсталација, следење на информациите за состојбата на водостојот на реките, правовремена евакуација на вработените и материјалните добра, повремено чистење на речните корита каде што се наоѓа објектот, планско организирање изградба на времени насипи за заштита од поплави, во соработка со месното население, околните стопански субјекти и Дирекцијата за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување од поплави покрај превентивните активности подразбираат и обезбедување опрема за испумпување на водата од поплавените простории и извлекување на настраданите, преглед на материјалните добра кои подлежат на евакуација во случај на поплава.

**План за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

Планот за заштита и спасување од пожари подразбира подготовки и спроведување превентивни мерки за спречување пожари, како и подготовка и спроведување мерки за гасење на пожарите и санација на последиците од пожарите, со цел спасување на луѓето и материјалните добра што можат да бидат загрозени од пожар.

За да се спречи пожар и да се спроведат пожарно-превентивни мерки во објектот потребно е, покрај специфичните мерки за заштита од пожари, придржување и кон општите мерки за безбедност.

Во сите делови и простории на објектот на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ќе се преземаат и спроведуваат следните мерки за заштита од пожари:

- Задолжителна едукација на сите вработени за опасностите кои постојат на нивните работни места, а кои произлегуваат од намената на објектот, како и од нивните градежни карактеристики. Едукацијата на вработените во превентивна смисла се врши двапати, и тоа при стапување на работа, како и при прераспоредување од едно на друго работно место,
- Да се врши обука на вработените за практичната употреба на уредите, техничката опрема и средствата за гасење пожари, и тоа интерно и од страна на овластени правни лица,
- Вработените да се грижат редовно да ја прегледуваат, испитуваат и одржуваат исправно расположливата опрема, уредите и средствата за гасење пожари,

- Посебно да се внимава ПП-апаратите да се поставени на видни места, но истовремено и лесно да се пристапни за брза интервенција во случај на пожар,
- Ангажираните надворешни стручни лица во координација со одговорните лица од Агенцијата да се грижат системите за автоматско откривање, јавување и гасење пожари редовно да се прегледуваат, испитуваат и одржуваат во исправна состојба од страна на овластени фирми, согласно одредбите на техничките прописи и упаствата на производителите. Овие системи се инсталирани за рано откривање пожар во објектот, како и негово навремено гасење,
- Вработените да внимаваат сите влезно-излезни простории и врати да се слободни за непречена евакуација и интервенција,
- Вработените да се грижат сите излези да бидат непречени, слободни, без стеснувања, осветлени, означени, без складиран материјал и да не се загрозени од пожар,
- Во сите работни простории да се поставаат упатства за безбедна евакуација и напуштање на објектот во случај на итност или тревога, или да се поделат преку електронска пошта,
- Да се истакне начинот на постапување на вработените во случај на пожар или непосредна опасност од пожар,
- Редовно да се прегледуваат, испитуваат и оджуваат во исправна состојба сите електрични инсталации, уреди и опрема во согласност со позитивните прописи и важечките стандарди. Особено да внимаваат да не создаваат непосредна опасност за настанување пожар при непрописно користење на електричните инсталации (преоптоварување, прегревање, користење продолжни кабли со повеќе приклучници, користење лабави врски при кои настануваат преодни отпори, механички оштетувања на каблите, создавање услови за појава на краток спој на електричните инсталации и сл.). Исто така, посебно треба да се внимава да се одржуваат во исправна состојба и инсталациите што служат за напојување на критичните потрошувачи со електрична енергија,
- Да се одржуваат во исправна состојба и другите видови инсталации, во согласност со позитивните прописи (машински, термоенергетски и сл.),
- Сите надворешни лица да бидат запознати со придржување кон превенцијата од пожари, особено за забрането пушење во нивните објекти,
- Да се обезбеди непречен пристап до нивниот објект,
- По завршување на работното време вработените да ја исклучат струјата, да ги прегледат работните места и да отстранат евентуален отпаден и запалив материјал, ако има таков,
- На видни места да се истакнат знаци за забрана и предупредување (забрането пушење, грејни уреди со отворен оган, загреани површини и сл),
- Изведувањето работи како на пример заварување, сечење и сл. да се врши со писмено одобрување од одговорното лице и по претходно преземени мерки за заштита од пожари,
- Редовно да се води грижа на патиштата за евакуација да нема запалив или каков било друг материјал,
- Да се складира стока само на места определени за складирање, без да се наруши режимот на складирање,
- Веднаш да се преземаат активности за отстранување непосредни опасности од пожар на објектот,
- Во случај на појава на непосредна опасност од пожар или пожар да реагираат согласно стандардните постапки во такви ситуации,
- Да се пријави оштетување или неисправност на инсталациите,

- Запознавање со одговорноста за непридржување кон превентивните мерки за заштита од пожар, согласно законот и нормативните акти на Агенцијата,
- Да се врши проверка на сигналните (звучни) уреди за објавување опасност, на нивната функционалност и исправност, и
- Да се преземаат и други мерки на безбедност согласно законот, подзаконските акти и интерните акти во Агенцијата.

**Организација на заштита и спасување**

Определувањето на организацијата за заштита од пожари, експлозии и опасни материи се темели врз техничките елементи и решенија со цел да се одредат видот и структурата на раководството и универзалната единица за заштита и спасување.

Заштитата од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа преземање мерки за отстранување на причините за предизвикување пожар, неширење пожар, гасење пожар и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани од пожар.

За спроведување и применување на мерките потребни за заштита и спасување во АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ се одговорни раководителот за заштита и спасување, раководните лица и вработените кои имаат **посебни овластувања,** и тоа:

- Раководителот за заштита и спасување, за формирање универзална единица за заштита и спасување, нејзиниот персонален и материјален состав, како и нејзино опремување со соодветни материјално-технички средства,
- Раководителот за заштита и спасување е одговорен за обуката на членовите на универзалната единица за заштита и спасување во Центарот за обука во Дирекцијата за заштита и спасување,
- Ангажираните надворешни стручни лица и раководните лица во Агенцијата се одговорни за спроведување заштита и спасување, а особено за примената на пропишаните определени мерки, како на пример: одржување во исправна состојба и наменска употреба на уредите, техничката опрема и средствата за гасење пожари, како и запознавање на работниците со опасностите поврзани со работите што ги вршат, обуката и начинот на употреба на техничката опрема и средства,
- Раководните лица во случај на природна непогода или друга несреќа се должни да ги известат штабот, професионалната противпожарна единица (193), полицијата (192), Центарот за управување со кризи (195) и Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за итни случаи (112),
- Раководните лица се одговорни за редовни прегледи на опремата, а за објектот каде што постои опасност од природна непогода или друга несреќа, должни се со посебен допис да сигнализираат да се отстранат утврдените недостатоци,
- Целокупната опрема за заштита и спасување во објектот на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ мора да биде во употреблива состојба и да се наоѓа на точно определено место. Местата каде што е поставена противпожарната опрема мора да бидат видно означени со соодветни знаци и натписи,
- Пристапите кон опремата за заштита и спасување во секој момент мора да бидат слободни,
- Препречувањето на пристапните патишта со какви било материјали не е дозволено,
- Строго е забрането неовластено преместување на опремата за заштита и спасување на други места или нејзино користење за други намени,

- Секој работник мора да биде запознаен со должностите во случај на природна непогода или друга несреќа, на пример со можните извори што можат да предизвикаат пожар, а посебно со опасностите на работното место на кое работат.

Постапката за оспособување на работниците опфаќа:

- ***Теоретска обука и***
- ***Практична обука***

Теоретската и практичната обука се вршат според Програмата за обука на работниците, утврдена со планот за заштита и спасување во АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ, по претходно доставено барање до Дирекцијата за заштита и спасување на РСМ, Сектор за превенција, планирање и развој – Одделение за обука, за организирање основна обука која опфаќа теоретски и практичен дел. По спроведувањето на обуката на работниците, мора да се спроведе проверка на нивната способност за теоретскиот и практичниот дел на обуката, и тоа на следниот начин:

- ***Тестирање за теоретската оспособеност*** и
- ***Проверка на практичните знаења и оспособеност за брзо гасење пожари со противпожарната опрема што е на располагање.***

Раководителот за заштита и спасување води евиденција за лицата оспособени за заштита и спасување во Агенцијата.

Доколку настане промена на работното место или промена на средствата за работа и уредите за работа кои битно влијаат на претходно утврдените мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, мора да се извршат промени и во Програмата за обука на работниците за заштита и спасување и да се изврши нова обука.

Во заштитата и спасувањето на луѓето и имотот загрозен од природна непогода или друга несреќа должни се да учествуваат работоспособните луѓе и граѓаните, фирмите и државните органи, со своите работници, алат, опрема, превозни средства, технички и други видови средства за укажување помош во заштитата и спасувањето.

Во делот за заштита од пожари, противпожарната служба е должна да презема мерки за гасење пожари веднаш штом дознае за настанат пожар. Кога противпожарната единица не може сама да го локализира пожарот, лицето кое раководи со гасење на пожарот ќе побара помош од противпожарната единица од подрачјето на општината или од друга општина, која е должна да ја укаже бараната помош.

Со гасење на пожарот раководи одговорно лице на противпожарната единица која прва почнала да го гасне пожарот или лице овластено од него. Кога при гасење на пожарот учествува територијалната противпожарна единица и доброволната противпожарна единица, со гасењето на пожарот раководи одговорното лице на територијалната противпожарна единица без оглед која стигнала прва на местото на пожарот.

Заради успешно и непречено гаснење на пожарот и заради заштита на луѓето и имотот, лицето кое раководи има право и должност на местото на пожарот да презема мерки, и тоа:

- Да им забрани пристап не местото на пожарот на неповикани лица, како и да го забрани сообраќајот крај тоа место,
- Да нареди евакуација на лицата и отстранување на предметите од соседните објекти што се загрозени од пожарот, отстранување на материјалите што би можеле да бидат зафатени со пожарот и уривањето на објектот и кои би можеле да пренесат пожар на друг објект, како и да преземе мерки за обезбедување на отстранетите материјали и предмети,

- Да нареди прекин на доводот на електричната енергија, гас и запаливи материјали,
- Да нареди да се користат изворите на вода што им припаѓаат на граѓани, организации, фирми и државни органи, ако на друг начин не може да се обезбеди потребното количество вода за гаснење,
- Да ограничи делумно или целосно доведување вода од други потрошувачи заради обезбедување потребно количество вода за гасење на пожарот,
- Присилно да отвори заклучен објект или просторија заради гасење пожар и спасување човечки животи,
- Да нареди да се користат возилата на граѓани, организации, фирми и државни органи заради превезување повредени лица или лица кои се загрозени од пожарот, како и за друга техничка опрема и средства за гасење на пожарот,
- Да нареди отстранување паркирани возила или да отстрани предмети од места кои претставуваат пречка за непречен пристап на противпожарните возила и други средства и опрема за гасење пожари и
- Да употреби средства за врски на граѓаните, организациите, фирмите и државните органи.

Лицето кое раководи со гасењето пожар должно е да ги преземе сите потребни мерки за зачувување на трагите и предметите што можат да послужат за утврдување на причините за пожарот. Ова лице може да им нареди на граѓаните, организациите, фирмите и државните органи да учествуваат во гасењето на пожарот, во спасувањето на животите на луѓето и имотот загрозен од пожар, како и да стават на располагање на противпожарната единица најнужни средства потребни за гасење на пожарот и за спасување на животите на луѓето и имотот загрозен од пожарот, ако противпожарната единица не е во состојба сама да го изгасне пожарот и да ги спаси луѓето и имотот.

**Одговорни лица за заштита и спасување во АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Директорот на **АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ** со посебна одлука ќе назначи лице задолжено за спроведување на мерките за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, а тоа лице ќе назначи лица задолжени за спроведување на мерките за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во сите работни единици на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ.

АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ е должна да спроведе, во соработка со Центарот за обука во Дирекцијата за заштита и спасување, или со други стручни и овластени фирми, редовни обуки на вработените за заштита од пожари во превентивна и оперативна смисла. Треба да се одржуваат во функција уредите, техничката опрема и средствата за гасење пожари, да се врши редовна проверка на исправноста на инсталациите, вградените системи за автоматско откривање, јавување и гасење пожари и сл. Во Агенцијата се придава посебно значење на заштитата од пожари, но, сепак, работењето на заштитата од пожари, како и успешното справување со истите налага постојано следење и анализирање на состојбите, унапредување на заштитата и зголемување на степенот на безбедност на едно повисоко ниво од една страна, како и усогласување на реалната состојба на заштитата со техничките прописи и нормативи од друга страна, и во таа смисла со Планот за заштита се даваат одредени насоки, односно предлог-мерки со кои би се постигнала поефикасна заштита.

АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ со интерен акт особено ќе ги регулира:

- Мерките за заштита и спасување со кои се отстранува, односно намалува опасноста од природна непогода или друга несреќа со условите за работа во Агенцијата,
- Организацијата, делокругот на работа и надлежноста на лицата задолжени за заштита и спасување,
- Организацијата и начинот на вршење внатрешна контрола, како и овластувањата и одговорностите на работниците кои ја вршат контролата,
- Постапката и начинот на запознавањето на работниците при стапувањето на работа или распоредување од едно работно место на друго со опасностите од природна непогода или друга несреќа сврзани со соодветното работно место, како и начинот на обучување на работниците за заштита и спасување,
- Уредите, опремата и средствата за заштита и спасување, нивната распределеност и времето на испитување на нивната исправност и
- Должноста и одговорноста на раководните и другите работници во врска со заштита и спасување, а особено во случај на природна непогода или друга несреќа.

Органите на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ се должни да обезбедат спроведување на мерките за заштита од пожар утврдени со интерниот акт, односно планот за заштита и спасување, а најмалку 2 (два) пати годишно да ја разгледуваат состојбата со заштита и спасување и притоа треба да водат грижа:

- Сите знаци за насочување на правецот на движење на вработените да имаат извор на светлина кој на осветлената површина дава јачина од 70 лукса со оглед на тоа што објектот има третман на висок објект,
- Сите обложувања на ѕидови, подови, тавани и сл. да се од незапалив материјал,
- Да се провери исполнетоста на условите согласно Правилникот за високи објекти. Евакуацијата на лицата затечени во овој дел да биде секогаш во согласност со нормативите од истиот правилник,
- Да се проверуваат ПП-клапните во каналите за вентилација во услови пропишани со техничките нормативи за ваков вид објекти,
- Уредите за вентилирање (проветрување) автоматски да се вклучуваат преку сигнални уреди за чад поставени во внатрешните комуникации, а уредите за довод на свеж воздух мораат да бидат изведени за автоматски да се исклучат при активирање сигнален уред за чад или уредот за автоматско откривање и јавување пожар,
- Континуирано да се обезбедува резервно напојување на сите критични потрошувачи согласно чл. 66 од правилникот за технички нормативи за заштита на високи објекти од пожар и одобрената документиција (уредите за зголемување притисок на вода во хидрантската мрежа, уредите за проветрување на сигурносното скалиште, системот за нужно светло, уредите за откривање и гасење пожари, уредот за отворање на влезно-излезните врати, сервери, УПС и сл ), што значи дека тоа мора постојано да биде во функција и на местата каде што има резервно напојување,
- Да се обезбеди приклучок за ПП-возила на местото на приклучокот на хидрантската мрежа со јавната водоводна мрежа,
- Да се изведат инсталации за автоматско откривање и јавување пожар во окната на лифтовите, во кабините и сл. Исто така, лифтовите мора да бидат обезбедени со уред кој овозможува во случај на пожар во пожарниот сектор во кој се наоѓа лифтот кабината автоматски да се доведе на приземје и по евакуација на лицата автоматски да се исклучи,
- Да се обезбеди потребната атестна документација за вратите што ги одвојуваат сигурносните скалишта од другиот простор на катовите и тоа дека се со пожарна

отпорност од 1 час и 30 минути, непропусни за чад и дека се обезбедени со механизам кој ги држи постојано во затворена положба. Исто така, да се обезбеди атест за пожарната отпорност на застаклениот дел од ѕидот на скалишното окно,

- Да се обезбедат лични заштитни средства за лицата кои ќе учествуваат во интервенции на гасење пожари, евакуација, како и други постапки каде е можна појава на токсични и други штетни продукти на согорување. Исто така, Агенцијата треба да располага со минимална количина средства и опрема за евакуација и спасување,
- Да се обезбедат стационарни мерачи на концентрациска гас CO (јаглерод моноксид) во гаражите на подрумските простории и овој систем да се стави во функција,
- Да се обезбедат со незапалив материјал сите премини на инсталации од еден во друг ПП-сектор со цел да се спречи ширење евентуален пожар по хоризонтала и вертикала,
- Да се премачкаат со незапалив премаз снопот кабли кои излегуваат од сите разводни ормани,
- Да се врши редовно и во пропишани услови испитување на хидрантската мрежа за гасење пожари при што ќе се обезбедува проточен капацитет и притисок на вода за ефикасно гасење пожари во секое време. Исто така, да се испитуваат, сервисираат и одржуваат исправно сите други уреди, техничка опрема и средства за гасење пожари,
- Континуирано да се вршат редовни прегледи и испитувања на електричните инсталации, уреди и опрема во пропишани услови и согласно техничките прописи за електрични инсталации за низок напон и истите да се одржуваат исправно. Исто така, исправно да се одржуваат и другите инсталации и опрема во објектот и да се врши редовна контрола на мерно-регулациската и сигурносната арматура,
- Отпадните материи да се отстрануваат од објектот и складираат на точно одредено ПП обезбедено место.

**Постапката во случај на пожар е следна:**

Во случај на појава на пожар се вклучува светлосна и звучна сигнализација на ПП-централата. Во исто време автоматски се активира алармот на катот каде што настанал пожарот. Лицето од портирница кога ќе утврди дека не е лажен аларм рачно го активира алармот за тревога, и тоа поединечно (по катови) или за цел објект. Работникот кој прв забележал пожар веднаш пристапува кон почетно гасење со расположливите ПП-апарати и другата опрема и средства за гасење, но во случај да не може сам да го изгасне пожарот, бара помош од најблиските работници, ги известува одговорните лица на портирница и раководното лице за заштита и спасување. Тоа одлучува, во зависност од настанатата ситуација, кого дополнително ќе извести и од кого ќе бара помош. За побрза и ефикасна интервенција на секој загрозен простор во објектот треба на видни места да се истакнат броевите: на раководителот на евакуација и спасување, на неговиот заменик, на другите одговорни лица, ДЗС, БППЗ на град Скопје, МВР, Брза помош и сл. или да се споделат преку електронска пошта со вработените,

  - Да се изврши повик на следните телефонски броеви: 193 - БППЗ, 192 - полиција и по потреба 194 - Итна медицинска помош, 195 - Центар за управување со кризи (ЦУК),112 - Центар за итни случаи,
  - Да се исклучи електричното напојување на локацијата во објектот каде што е настанат пожар,
- Да се пристапи веднаш со гасење на пожарот со расположливите уреди, техничката опрема и средства за гасење пожари,

- Да се спасат материјалните добра со посебна вредност, како и да се отстранат сите запаливи материи од местото на пожарот,
- Да се затворат сите врати, прозорци, за да се спречи ширење на пожарот,
- Да се оди кон најблизок излез од објектот, а воедно да се помогне и на други вработени кои се во паника или се повредени и не можат да стигнат до безбедно место,
- Да се известат одговорните лица на Агенцијата,
- Во случај на пожар да не се троши времето за спасување лични предмети,
- Да се помогне на професионалните пожарникари и
- При гасење на пожарите да се носи лична заштитна опрема поради присуство на токсични и штетни продукти на согорување.

При гасење пожар одговорното лице има право и должност, во интерес на заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на имотот, ако е тоа неопходно и на друг начин невозможно, да ги преземе сите потребни мерки и активности, а особено:
- Да повика припадници на МВР со цел да се спречи пристап на неповикани и неовластени лица на местото на пожарот, да спречи евентуална кражба на евакуираниот имот, да забрани или обезбеди сообраќај во непосредната околина,
- Да повика Итна медицинска помош за навремено укажување на потребната медицинска помош на повредени лица,
- Да нареди евакуација на вработените и имотот кои се загрозени во пожарот, како и отстранување на материјалите кои непосредно ќе бидат зафатени и со тоа ќе го прошират пожарот,
- Да побара прекин на доводот на електричната енергија во објектот, доколку ситуацијата го налага тоа,
- Да забрани делумно или целосно користење вода со цел да се обезбеди потребното количество вода за гасење на пожарот,
- Да отвори заклучен објект или присторија заради гасење на пожарот и спасување на вработените,
- Да спречи непотребни оштетувања на објектот и имотот на Агенцијата,
- Да нареди користење возила на Агенцијата или вработените за превоз на повредени лица или дотур на техничка опрема и средства за гасење, и
- Да употреби средства за врски во сопственост на Агенцијата.

По секој пожар, местото на пожарот се обезбедува поради опасноста од појава на секундарни пожари. Исто така, местото на пожарот се обезбедува за да не се уништат доказите и фактите кои ќе помогнат за утврдување на причините поради кои дошло до појава на пожар. Во санирање на последиците од пожар учествуваат сите вработени кои ќе бидат одредени од страна на одговорното лице.

**Организирање превентивни мерки за заштита и спасување**

По извршената процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи даден е сегашниот степен на заштита преку преземените превентивни и оперативни мерки за заштита, но за зголемување на истиот наведуваме некои предлог-мерки, и тоа:
- Да се изврши обука на вработените за работа со ПП-апарати, спасување и евакуација,
- Да се изврши функционална проба на хидрантската мрежа за гасење пожари при која ќе се утврди дали истата ги задоволува параметрите за проточен капацитет и притисок на вода за ефикасно гасење пожари (и за кое време) согласно Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење пожари,

- Доколку параметрите на хидрантската мрежа не ги задоволуваат параметрите за проточен капацитет и притисок на вода за ефикасно гасење пожари, да се преземат мерки за нивно отстранување согласно правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење пожари,
- Да се контролира надворешната хидрантска мрежа согласно законските прописи,
- Да се означат сите склопки што служат за напојување на објектот,
- Да се изврши обележување на подовите, и тоа место за складирање, како и место за внатрешна комуникација,
- Во секое време излезот да се обезбеди со сигурносно светло, а влезно-излезната врата да се отвора во насока на евакуација кон надвор,
- Да се обезбедат лични заштитни средства, како и технички средства за спасување од загрозени простори,
- Инсталираните автоматски уреди за откривање и јавување пожар како мерка за брзо превенирање и благовремено откривање пожар, магацинот со административен дел и админстрацијата да се контролираат за да бидат исправни, согласно законските барања минимум еднаш годишно.

**Организирање оперативни мерки за заштита и спасување**

Организацијата на оперативните мерки се состои во следните конкретни активности, кои ги пропишува директорот на Агенцијата:

- Да се изврши обука на вработените за работа со ПП-апарати, спасување и евакуација,
- Да се прегледуваат, испитуваат и одржуваат исправно сите инсталации, уреди и опрема во објектот согласно законот, техничките прописи и нормативи и упатствата на производителите. Особено да се внимава на исправноста на електричните инсталации и уреди, како и инсталациите за складирање и транспорт на опремата,
- Да се врши оперативна контрола на инсталираните автоматски уреди за откривање и јавување пожар минимум еднаш на секои 3 месеци за објектот на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ,
- Да се спроведат вежби за евакуација на вработените во АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ на одреден временски период со цел успешно справување со пожари и непогоди и
- Други пропишани мерки.

**Начин на известување на противпожарните единици**

Од навременото известување за природната непогода или друга несреќа зависи и навременото и ефикасно изведување на интервенцијата на соодветните служби.

Службата за обезбедување со звучен алармен уред ги алармира вработените и воедно телефонски го известува оперативниот Центар на противпожарната бригада на градот на телефон 193 или информацијата ја дава преку бројот за итни случаи 112.

Времето од настанување на пожарот до почнување на интервенцијата **има 3 (три) интервали**:

- Времето кое ќе измине од моментот на настанување природна непогода или друга несреќа (на пр. пожар) до нејзиното откривање,
- Времето кое ќе измине од моментот на откривање природна непогода или друга несреќа (на пр. пожар) до алармирање на соодветните служби,

- Времето кое ќе измине од моментот на алармирање на соодветните служби до почетокот на акцијата за заштита и спасување.

До пристигнувањето на соодветните служби потребно е да се преземат неопходните мерки за заштита и спасување со сопствени сили.

Најнеповолно време за појава на природни непогоди или други несреќи од аспект на нејзино откривање е времето кога во објектот не се работи, кога има најмал број присутни лица во објектот. Службата за обезбедување во таква ситуација, доколку процени дека не може сама да се справи со природната непогода или друга несреќа, треба да побара помош од оперативниот центар на ПП-бригадата на тел. 193 или од Центарот за итни случаи на тел. 112 и да ги врши работите од свој домен, кои произлегуваат од новонастанатата ситуација.

До пристигнувањето на помошта, чуварите треба да ја проценат ситуацијата за најбрза и успешна заштита и спасување на деловите и во таа смисла може да дејствуваат на различен начин:

- Да пристапат кон гасење, односно локализирање на огнот,
- Да ја пресечат насоката на ширење на пожарот кон деловите на објектот во кои се сместени лесно запаливи материјали или скапа опрема,
- Да подготват услови за поефикасно дејствување на ПП-бригадата во моментот кога таа ќе пристигне (расчистување на просторот за приоѓање кон местото на пожарот, создавање услови за отстранување на чадот од објектот и сл.).

Времето на пристигнување и комплетирање на професионалните единици може да е долго доколку пожарот се случи надвор од работното време.

За гасење мали пожари се употребува универзално средство – песок. Прво се посипува песок со лопати или кофи околу огнот се цел да се локализира, а потоа се фрла во огнот со цел да се изгасне.

Со вода може да се гаси се́, со исклучок на пожар на електроопрема и пожар на запаливи течности. Водата исто така е спроводник на електрична енергија, па нејзината употреба при запалена електроопрема може да биде опасна по живот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

______________________

**д-р Зоран Трајчевски**